Врз основа на член 15 став 1 алинеја 6, а во врска со член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени имот на Република („Службен весник на Република Македонија" бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18) и член 17 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот на Република Македонија, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.01.2019 донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
Бр. 01-185/1
22.01 2019 год
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
## со критериуми за отстапување на одземени предмети – возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат критериумите за отстапување на одземени предмети – возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот (во понатамошниот текст:Агенцијата), на органите на државната управа, трговски друштва основани од Република Македонија, јавни претпријатија основани од Република Македонија, агенции, јавни установи основани од државата и други правни лица основани од Република Македонија, како и на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, независни регулаторни тела и други државни институции основани од Република Македонија, по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

## 2. КЛАСИФИКАЦИЈА И КАРАКТЕРИСТИКИ

**Член 2**

Одделни изрази кои се употребени во овој правилник за критериуми за отстапување на одземени предмети – возила со кои управува Агенцијата ја имаат следната класификација и карактеристики:

<u>А) ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО</u>: е секое возило на моторен погон, кое вообичаено се користи за превоз на лица и стока на патишта или за влечење на возила на патиштата, кое има најмалку четири тркала и максимална проектирана брзина над 25 km/h и покрај седиштето на возачот има најмногу осум седишта.

1. **<u>Ниска класа на возило:</u>** ги опфаќа патничките моторни возила (малите градски автомобили и мини комбиња), со мала зафатнина на мотор, ниска потрошувачка на гориво, а чија големина и/или должина е помала од возилата во останатите класи и цената е најдостапна.

2. **<u>Ниска средна / компактна класа:</u>** ги опфаќа патничките моторни возила кои по големина се поголеми од малите градски автомобили, а помали од оние што се во средна класа.

3. **<u>Средна класа</u>:** ги опфаќа возила со големина поголема од компактот, а помала од висока средна класа.

4. **<u>Висока средна класа:</u>** ги опфака возилата поголеми од средна класа, а помала од висока. Оваа класа се нарекува и бизнис - класа.

5. Висока класа: опфаќа автомобили, чија величина и луксуз ги надминува сите останати класи.

6. Автобус: **моторно возило наменето за превоз на лица со повеќе од девет седишта, вклучувајќи го и седиштето на возачот.**

Б) ТРАКТОРИ / ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА: опфаќа возило на моторен погон, конструирано за вршење на земјоделски или шумски работи, со влечна моќ, со или без приколка, вклучувајќи земјоделски или шумски трактор со тркала или со гасеници со сопствен погон, посебно конструиран за влечење, потиснување, носење и да дава погон на определена приклучна опрема која е конструирана за вршење на земјоделски или шумски работи, односно за влечење на земјоделски или шумски приколки, а може да биде прилагоден за превоз на товар во рамките на земјоделските и шумските работи.

В) ТОВАРНИ / ВЛЕЧНИ ВОЗИЛА И ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА е секое возило на моторен погон, кое вообичаено се користи за превоз на товар и ги опфаќа моторните возила наменети за работа со градежна механизација и градежна механизација.

Бодирањето на класа на патнички моторни возила е прикажан во табеларен преглед број 1, составен дел на овој правилник.

## 3. ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ – ВОЗИЛА

### Член 3

Агенцијата ќе отстапи одземен предмет – возило согласно доставено барање од институциите наведени во член 1 од овој правилник, согласно карактеристиките и потребите изнесени во барањето за отстапување на одземен(и) предмет(и) без надомест.

Барањето до Агенцијата ќе се достави на пропишан образец за отстапување на одземен(и) предмет(и) без надомест, кој е составен дел на овој правилник.

Пополнетото барање за отстапување на одземен(и) предмет(и) без надомест се доставува во архивата на Агенцијата или по електронски пат.

Агенцијата постапува само по целосно и правилно пополнето барање за отстапување на одземен(и) предмет(и) без надомест.

## 4. ПРИОРИТЕТ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ И ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ – ВОЗИЛА

### Член 4

При отстапување на одземените предмети – возила на институциите наведени во член 1 од овој правилник, првенствено право при одлучување и отстапување ќе имаат оние институции на кои не им е отстапено возило, согласно карактеристиките и потребите изнесени во барањето за отстапување на одземен(и) предмет(и) без надомест.

Бодирањето при остапување на одземени возила е прикажано во табеларен преглед број 4, составен елемент на овој правилник.

## 5. РАСПРЕДЕЛБА ПО КЛАСИФИКАЦИЈА, КАРАКТЕРИСТИКИ И ИНСТИТУЦИИ

**Член 5**

При распределба на возилата по класификација, карактеристики и согласно барањата од институциите од член 1 од овој правилник, покрај критериумите наведени во член 2 од овој правилник, освен класата на возилото и проценвата, при одлучување да се имаат предвид годината на производство на возилото, општата состојба на возилото утврдена записнички, опременоста на возилото, поминатата километража на возилото, надворешната состојба на каросеријата и внатрешниот ентериер.

Бодирањето согласно овој член е прикажано во табеларен преглед број 2, составен дел од овој правилник.

**Член 6**

На органите на државната управа од член 1 од овој правилник Агенцијата ќе отстапи моторни возила од **висока класа и висока средна класа** само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило **за потребите на функционерот** кој раководи со органот на државната управа.

На органите на државната управа од член 1 од овој правилник Агенцијата ќе отстапи моторни возила од **средна класа, ниска средна / компактна класа и ниска класа** само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило **за потребите на стручните служби** кои работат во органот на државната управа.

За потребите на трговски друштва во сопственост на Република Македонија, јавни претпријатија основани од Република Македонија, агенции, јавни установи основани од државата, за органите на судската власт и другите правосудни органи, како и други правни лица основани од Република Македонија, Агенцијата ќе отстапи моторни возила од **висока средна класа,** само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило **за потребите на функционерот** кој раководи со овие институции.

За потребите на трговски друштва во сопственост на Република Македонија, јавни претпријатија основани од Република Македонија, агенции, јавни установи основани од државата и други правни лица основани од Република Македонија, Агенцијата ќе отстапи моторни возила од **средна класа, ниска средна / компактна класа и ниска класа,** само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило **за потребите на стручните служби** кои работат во овие институции.

За потребите на органите на судската власт и другите правосудни органи и независни регулаторни тела основани од Република Македонија , Агенцијата ќе отстапи моторни возила од **средна класа,** само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило **за потребите на стручните служби** кои работат во овие органи.

За потребите на единици на локалната самоуправа во Република Македонија Агенцијата ќе отстапи моторни возила од **висока средна класа,** само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило **за потребите на функционерот** кој раководи со овие институции.

За потребите на единици на локалната самоуправа во Република Македонија Агенцијата ќе отстапи моторни возила од средна класа, ниска средна / компактна класа и ниска класа, само во случај кога се работи за барање за отстапување на моторно возило за потребите на стручните служби кои работат во овие институции.

Бодирањето за предност при доделување на возила е прикажано во табеларен преглед број 3, составен дел од овој правилник.

**Член 7**

По исклучок на ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од член 7 од овој правилник, кога Агенцијата не може да одговори на доставеното барање за отстапување на моторно возило согласно бараните карактеристики, Агенцијата само во согласност со барателот на моторното возило може да отстапи моторно возило и од друга класа од постојните одземени моторни возила.

**Член 8**

Моторни возила од член 2 став 1 дел Б) и В) од овој правилник Агенцијата ќе ги отстапи на институциите наведени во член 1 од овој правилник согласно карактеристиките и потребите изнесени во барањето за отстапување на одземен(и) предмет(и) без надомест.

## 6. ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ

**Член 9**

Примопредавањето на одземениот предмет – возило се уредува согласно одредбите од Правилникот за формата и содржината на образецот на записникот за одземениот имот, имотна корист и одземени предмети на Агенцијата за управување со одземен имот, донесен од Управниот одбор на Агенцијата.

**Член 10**

Институциите наведени во член 1 од овој правилник на кои им е отстапено возило се обврзуваат до Агенцијата да достават известување за направените трошоци за оспособување на возилото, во рок од три месеци од извршените поправки, а најдоцна до една година од денот на записничкото примопредавање на возилото.

**Член 11**

Агенцијата нема да изврши записничко предавање на отстапено моторно возило доколку на институциите наведени во член 1 од овој правилник на кои е отстапено моторно возило, во моментот пред да се изврши формално примопредавање на моторното возило, оцени дека отстапеното возило не одговара на нивното барање и потреби или трошоците за оспособување на отстапеното возило се економски неоправдани.

Институциите наведени во член 1 од овој правилник се обрзуваат писмено да ја известат Агенцијата за причините за непреземање на отстапеното моторно возило.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во Службен весник на Република Македонија.

Број 01-185/1
22 јануари 2019 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Виктор Јовановски**

Образец на барање

До
Агенција за управување со одземен имот
ул. Македонија бр.5
Скопје

БАРАЊЕ
за отстапување на одземен(и) предмет(и) без надомест

Од ______________________________________________________________,
(назив на барателот)

со адреса _________________________________________________________,

телефон за контакт _____________, електронска пошта__________________,

и контакт (одговорно) лице __________________________________________.

Согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка бараме Агенцијата за управување со одземен имот да ни отстапи одземен предмет – возило, за потребите на:

- функционерот кој раководи со институцијата
- стручната служба на институцијата

(заокружете го потребното)

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
(да се наведе детален опис на потребно возило, класа, карактеристики и за која намена / потреба)

Предметот ќе ни се отстапи по ________ пат во тековната година.

За потребите на нашата институција, Агенцијата за управување со одземен имот, по добиена согласност од страна на Владата на Република Македонија, има отстапено __________ возила.

Потпис на овластено лице　　　　　　　　　　　　　　Датум

______________________　　　　　　　　　　　　　　______________

| Критериуми и бодовна скала за возилото кое се доделува | | |
|---|---|---|
| **Критериум** | **Бодовна скала** | **Бодување** |
| **Табеларен преглед број 1 (член 2 од правилникот)** | | |
| **Класа на патничко моторно возило** | Ниска класа на возило - 1 поен<br>Ниска средна / компактна класа - 2 поени<br>Средна класа - 3 поени<br>Висока средна класа - 4 поени<br>Висока класа - 5 поени<br>Автобус, трактор, земјоделска/ градежна механизација, товарни / влечни возила - 5 поени | |
| **Табеларен преглед број 2 (член 5 од правилникот)** | | |
| **Пазарна вредност на возилото кое се доделува** | до 1.500 евра - 1 поени<br>од 1.501 - 3.000 - 2 поени<br>од 3.001 - 5.000 евра - 3 поени<br>од 5.001 -10.000 евра - 4 поени<br>над 10.000 евра - 5 поени | |
| **Старост на возило согласно година на производство** | до 5 години - 5 поени<br>од 6 до 10 години - 3 поени<br>постари од 10 години - 1 поен | |
| **Број на поминати километри** | до 50.000 км - 5 поени<br>од 50.001 - 100.000 км - 4 поени<br>од 100.001 - 150.000 км - 3 поени<br>од 150.001 - 200.000 км- 2 поени<br>над 200.000 км - 1 поен | |
| **Општа состојба на возилото (опременост на возилото, надворешна состојба, внатрешен ентериер** | Одлична општа состојба - 5 поени<br>Добра општа состојба - 3 поени<br>Лоша општа состојба - 1 поени | |
| | **Вкупно поени за возило** | |

| Критериуми и бодовна скала за институцијата на која се доделува возило | | |
|---|---|---|
| Критериум | Бодовна скала | Бодување |
| Табеларен преглед број 3 ( член 6 од правилникот) | | |
| Ниво на институција | Институција од прва линија буџетски корисник - 5 поени<br>Институција од втора линија буџетски корисник - 3 поени<br>Институција од трета линија буџетски корисник - 1 поен | |
| Корисник за кого се доделува волото | Функционер на орган на државна управа - 5 поени<br>Стручни служби на органи на државна управа - 4 поени<br>Функционер на агенции, ЈП и ТД во сопственост на РМ итн. - 3 поени<br>Стручни служби на агенции, ЈП и ТД во сопственост на РМ итн. - 2 поени<br>Стручни служби на независни регулаторни тела и поголеми ЕЛС - 2 поени<br>Стручни служби на судска власт - 2 поени<br>Стручни служби на помала ЕЛС - 1 поен | |
| Класификација на функционери | Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери (Претседател на собрание, Пратеници, Претседател на држава, Претседател на Влада) - 5 поени<br>Високи владини функционери (Потпретседател на Влада, Министер, Заменик министер) - 4 поени<br>Избрани и именувани лица во единиците на локалната самоуправа (Градонацалници, Советници) - 3 поени<br>Државни функционери во судството - 2 поени<br>Функционери кои раководат со државни институции (Секретари, Директори) - 1 поен | |
| Број на вработени во моментот на носење на одлуката (член 6) | до 10 вработени - 1 поен<br>од 11 - 30 вработени - 2 поени<br>од 31 - 60 вработени - 3 поени<br>од 61 - 120 вработени - 4 поени<br>121 и повеќе вработени - 5 поени | |
| Табеларен преглед број 4 ( член 4 од правилникот) | | |
| Број на претходно доделени возила во последните 5 години | 0 возила - 5 поени<br>1-3 возила - 4 поени<br>4-6 возила - 3 поени<br>7-10 возила - 2 поени<br>11 возила и повеќе - 1 поен | |
| | Вкупно поени за институција | |